РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: E pranuar: 02.02.23
Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera
14-739/1

# Записник од 60 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | | |
| **Датум** | 15.12.2022 година | **Време** | 13.00 – 14.30 часот |
| **Бр. на седница** | 60-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Илбер Хасани (МИОА) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 09.12.2022 година.
2. Усвојување на коментари и предлози на НКБК по однос на доставениот нацрт-ДЕСИ Извештај за Западен Балкан за делот Поврзливост, подготвен од консултанти на RCC .
3. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 60-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 59-та седница, одржана на 09.12.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, Националната канцеларија за бродбенд компетентност дискутираше за коментарите и предлозите на телото по однос на доставениот нацрт-ДЕСИ Извештај за Западен Балкан за делот „поврзливост„, подготвен од консултанти на RCC.

Членовите на телото се согласија дека во делот на графиконите и табелите за новите индикатори во димензијата „поврзливост„, како што е покриеноста со VHCN и со FTTP мрежи, во Извештајот WB6 DESI 2022 да биде наведено дека РС Македонија нема достапни податоци за 2021 и 2020 година (Not available)

Ова од причина што во РСМ строго се следи EU DESI методологијата и по нејзина промена потребно е време истата да се имплементира во националната регулатива. Дополнително, развојот на бродбенд пазарот се следи преку индикаторите за бродбенд покривање и користење кои ги обезбедува АЕК. Имено, според подзаконските акти на АЕК, операторите се обврзани до АЕК да доставуваат податоци за бродбенд користењето, додека за покриеноста на нивните бродбенд мрежи самите директно ги внесуваат податоците во ГИС системот на АЕК. Тоа значи дека податоците/индикаторите за бродбенд покривање и користење се точни и реални

обезбедени директно од операторите, а не се резултат на студии, истражувања итн.Исто така, членовите на телото во дописот до RCC се согласија да побараат резултатитево графиконите за индикаторите кои се однесуваат на: домаќинствата со претплата за фиксен бродбенд, покривање со брзи бродбенд мрежи и покриеност со 4G, за Македонија или друга членка на WB6 доколку има, да бидат прикажани со друга боја. Тоа е заради тоа што нашите податоци се точни и реални и обезбедени од операторите директно, а не од дополнителни студии, истражувања итн.

Националната канцеларија за бродбенд компетентност во истовреме ќе побара и проверка на методологијата за пресметка на DESI индикаторите кај сите WB6 земји презентирани во Извештајот.

По завршувањето на дискусијата и работата на предлозите и коментарите, Буковалов го стави материјалот на гласање.

**Заклучок :** Членовите на НКБК едногласно ги усвоија коментарите и предлозите по однос на доставениот нацрт-ДЕСИ Извештај за Западен Балкан за делот „поврзливост„, и истите официјално ќе бидат доставени RCC.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, не се отвори дополнителна дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________